Врз основа на член 52, став 2, алинеи 1 и 5, член 90, став 1, алинеја 3 од Законт за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), и член 34, ставовите, 1, 2, 3 и 4 од Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 27.12.2021 година, Интеруниверзитетската конференција Република Северна Македонија објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 1/2022**

за избор на член од Интеруниверзитетската конференција на Република Сверна Македонија, во **Одборот за евалуација на високото образование**

- **1 (едно) лице од редот на професорите**, во работен однос на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, од научноистражувачкото поле од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација ***природно-математички науки;***

  *Услови за избор:*

- да има објавено најмалку 10 научни труда во референтна научна публикација;
- да не е избран за ректор, проректор или претседател на сенат на универзитет, декан или продекан на факултет, односно директор на научен институт кој изведува високообразовна дејност, член на Националниот совет или Одборот за акредитација.
- **1 (едно) лице од редот на студентите.**

  *Условите за избор се:*

- да е редовен студент на Европскиот универзитет во Скопје.

  Кандидатите поднесуваат:

- пријава по огласот;
- кратка биографија (CV)
- пополнет образец за податоци (достапен на веб страницата на УКИМ http://www.ukim.edu.mk).

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, согласно со Законот за високото образование и Статутот на Интеруниверзитетската конференција.

Јавниот повик трае 5 работни дена, сметано од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје или електронски, на е-адреса: ikrsm@ukim.edu.mk.

**Интеруниверзитетска конференција**
**на Република Северна Македонија**
**Претседател**

**Проф. д-р Сашо Коруновски**